**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за определување на**
**зонско паркирање на**
**подрачјето на град Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА ,**Одлука за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24 ), а во врска со член 7 и член 348 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 169/15, ...98/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302.20.....208/24) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница, одржана на ден 28.01.2025 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат јавните паркиралишта и другите јавни површини на подрачјето на град Кавадарци (во понатамошниот текст: површини за зонско паркирање) на кои ќе се применува системот на зонско паркирање како и начинот, условите на паркирање, времетраењето на паркирање, негово ограничување, начинот на наплатата како и начинот на означување на ограничувањето на отворените јавни паркиралишта или зонско паркирање,начинот и постапката за наплата на паркирањето преку СМС пораки, паркинг-картички и преку официјалната мобилна апликација, постапката за повластено паркирање, постапка за резервација, постапката и начинот на употреба на блокатори на тркалата, паркирањето на земјоделска механизација, како и други прашања кои се однесуваат на паркирањето.

**Член 2**

Површините за зонско паркирање на кои ќе се применува системот на зонско паркирање се класифицираат во три (3) паркинг зони утврдени според интензитетот и фрекфенцијата на сообраќајот на територијата на Општина Кавадарци, и тоа:

-**Прва паркинг зона** е со ознака на зона-**А**, означена со црвена боја и поделена на четиринаесет (14) подзони;

-**Втора паркинг зона** е со ознака-**Б**, означена со жолта боја и поделена на седумнаесет (17) подзони; и

-**Трета паркинг зона** е со ознака-**Ц (С)**, означена со зелена боја и поделена на девет (9) подзони,,.

Во опфат на површините за зонско паркирање се утврдуваат и резидентни паркиралишта на станбени блокиви, односно резидентни џебови, како и хуманитарни и еколошки паркинг места.

Резидентните паркиралишта, зависно од капацитетот на слободни паркинг места и потребите на корисниците, може да бидат уредени и како комбинирани, односно резидентно-комерцијални јавни паркиралишта, со определени услови за нивно користење.

**Член 3**

Резидентните паркиралишта и резидентните улици се јавни паркиралишта кои се уредени на начин единствено со намена за станарите и жителите на Општина Кавадарци кои што живеат во опфат на паркинг зоната каде што се наоѓа односното јавно паркиралиште.

Резидентните паркиралишта, зависно од капацитетот на слободни паркинг места и потребите на корисниците, може да бидат уредени и како комбинирани, односно резидентно-комерцијални јавни паркиралишта, со определени услови за нивно користење.

Резидентно-комерцијални јавни паркиралишта, односно комбинирани паркиралишта се организираат на одредени резидентни паркиралишта, на коишто е организиран комбиниран начин на паркирање, во однос на функцијата која ја врши резидентното паркиралиште, а во согласност со определено временско ограничување на комерцијалните корисници на резидентните паркиралишта.

Резидентно-комерцијалните јавни паркиралишта за сите корисници на јавните паркиралишта се организираат како комерцијални секој ден од понеделник до сабота во периодот од 07.00 часот до 15.00 часот, со период на толеранција до 16.00 часот (крај на парирањето најкасно до 16:00 часот).

Резидентно-комерцијалните јавни паркиралишта по 16.00 часот се организираат како резидентни паркиралишта, односно на конкретните паркиралишта е дозволено паркирање единствено за станарите и жителите во опфат на резидентното паркиралиште.

**Член 4**

Хуманитарните и еколошките паткинг места се означени со посебни подзони и се користат само за комерцијално паркирање на возила со регулирана наплата на паркинг сесија преку СМС пораки, паркинг картички и преку официјалната мобилна апликација, а наплатените средства ќе бидат наменети за хуманитарни и еколошки цели.

**Член 5**

Зоните за паркирање во опфат на јавните паркиралишта на зонско паркирање се групирани на подделни паркинг простори, осносно поделени се на посебни подзони, и тоа:

**ЗОНА: А (А)**

**- Подзона А1**

На улица ,,Илинденска“ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица ,,М.Х. Јасмин“ до крстосница со улица ,,Пано Мударов“;

**- Подзона А2**

На улица,, 7ми Септември,, се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосница со улица ,,Илинденска,, до крстосница со улица ,,Браќа Џунови,,. На оваа улица паркирањето започнува после такси станицата и пред полицијата да се остави простор за нивните службени возила;

**- Подзона А3**

На улица ,,Тиквешко Востание,,, се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосница со влезот/излезот во подземната гаража до крстосница со улица ,,Страшо Пинџур“;

**- Подзона А4**

На улица „Мито Хаџи Василев Јасмин“, се организира уличо паркирање од десната страна на улицата од крстосницата со улица „Солунска Глава“ до крстоцницата со улуца Илинденска, односно до пред такси станицата што е на оваа улица и на улица „Пано Мударов“ се организира улично паркирање на улицата од крстоснивата со улица „Илинденска“ до крстосницата со улица „Солунска Глава“;

**- Подзона А04-резидентно паркиралиште**

На крак од улица ,,М.Х. Јасмин-новоизградена улица,, се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосница со улица,,Пано Мударов“;

**-Подзона А5**

На улица ,,Илинденска“ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица ,,Цано Поп Ристов“ до крстосница со улица ,,Партизанска“;

**-Подзона А6**

На улица ,,Илинденска“ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица ,,Партизанска“ до крстосница со улица ,,Максим Горки“;

**-Подзона А7**

На улица ,,Илинденска“ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица ,,Максим Горки “ до крстосница со улица ,,Охридска“ и јавен паркинг на КП бр.11475/2 (пред Кам маркет и ресторан Сино)**;**

**-Подзона А8-резидентно-комерцијално паркиралиште**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот позади зградите на ул.Илинденска јавен паркинг на КП.бр.11608/1, и КП бр.11626/1 (позади Strit bar) -во опфат на станбена единица број 115;

**-Подзона А08-резидентно паркиралиште**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот позади зградите на ул.Илинденска јавен паркинг на КП бр.11847/1 и КП бр.11833/2 (позади Рома Кафе) -во опфат на станбена единица број 68;

**-Подзона А9**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на улица „Фердо Росомански“-(од западната страна на станбена единица број 4), улично паркирање на улица „Фердо Росомански“ и вон улично паркирање на паркинг просторот на улица „Тиквешко Востание“-(над подземната гаража)“;

**-Подзона А10**

На улица ,,Цано Поп Ристов,, се организира улично паркирање од левата страна на улицата од крстосница со улица ,,Блажо Алексов,, до куќен број 32, од куќен број 32 до

крстосница со улица ,,Лазо Мицев,, од десната страна и од крстосница со улица ,,Лазо Мицев,, до крстосница со улица ,,Илинденска,, од двете страни на улицата ;

**- Подзона А11- резидентно-комерцијално паркиралиште**
Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на улица ,,Фердо Росомански,,-(од западната страна на станбена единица број 4) - во опфат на станбена единица број 4;

**-Подзона АХ-хуманитарен паркинг**
Во опфат на вон улично паркирање на паркинг просторот на улица „Тиквешко Востание“-(над подземната гаража) се определуваат 2 места за хуманитарен паркинг;

**Член 6**

**ЗОНА: Б (В)**
**- Подзона Б1**
Се организира вон улично паркирање во подземната гаража на улица ,,Тиквешко Востание“;

**-Подзона Б2**
Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на КП бр.12689/5 КО Кавадарци на две нивоа (во објект Зелен пазар) лоциран на ул.„Зелен пазар“;

**-Подзона Б3**
На улица „Димката А. Габерот“ се организира улично паркирање од левата страна на улицата од спој со улица „Св.Кирил и Методиј“ до мост „Мирче Ацев“;

**- Подзона Б4**
На улица „8-ми Септември“ се организира улично паркирање на улицата од крстосница со улица „Солунска Глава“ до крстосница со улица „Гоце Делчев“ и на улица „ Мито Хаџи Василев Јасмин“ се организира улично паркирање на улицата од крстосница со улица „Гоце Делчев“ до крстосница со улица „Солунска Глава“;

**- Подзона Б5**
На улица ,,Браќа Хаџи Тефови,, се организира улично паркирање од левата страна на улицата од крстосницата со улица „Миле Вчков“ до крстосницата со улица ,,Благој Крстиќ,,;

**- Подзона Б6**
На Булевар ,,Никола Минчев,, се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар ,,Кочо Рацин,, до крстосница со булевар ,,Македонија,,;

**- Подзона Б7**
На улица ,,Блажо Алексов,, се организира улично паркирање од левата страна на улицата од крстосницата со улица ,,Мирче Ацев,, до крстосницата со улица ,,Цано Поп Ристов,, ;

**- Подзона Б8**

На улица ,,Максим Горки,, се организира улично паркирање од левата страна на улицата од крстосницата со улица ,,Партизанска,, до крстосницата со улица ,,Илинденска,,;

**- Подзона Б9**

На улиците ,,11-ти Октомври,,, ул,,Лазо Мицев,, и ул,, Партизанска,, (околу паркот „Полана“ се организира улично паркирање од левата страна на улиците и вон улучно паркирање на јавен паркинг на КП бр.11968 (Анот);

**- Подзона Б10**

На Булевар ,,Кочо Рацин,, се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар ,,Никола Минчев,, до крстосница со улица ,,Орце Николов,,

**- Подзона Б11**

Се организира вон улично паркирање во монтажната гаража на улица 1ВИ Мај;

**- Подзона Б12**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на улица ,,Тошо ВелковПепето,,;

**- Подзона Б 13**

На ,,улица Браќа Џунови,, се организира улично паркирање од левата страна на улицата од крстосницата со улица ,,7-ми Септември,, до крстосницата со улица ,,Браќа Хаџи Тефови,,;

**- Подзона Б 14**

На Булевар ,,Моша Пијаде,, се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар ,,Никола Минчев,, до крстосница со улица ,,Гоце Делчев“;

**- Подзона Б 15**

На улица,, 7ми Септември,, се организира улично паркирање од десната страна на улицата од крстосница со улица ,,Киро Крстев,, до крстосница со улица ,,Шишка“;

**- Подзона Б 16**

На улица „Дисанска“ се организира улично паркирање од десната страна на улицата од „Градски стадион ТИКВЕШ“ до крижен тек односно спој со улица „Шишка“ и улица „Методија Џунов-Џико“;

**-Подзона БЕ – еко паркинг**

Во опфат на улично паркирање на улица „7-ми Септември“ (пред „Музеј-Галерија Кавадарци“) се определуваат 2 места за еколошки паркинг;

**Член 7**

**ЗОНА: Ц (С)**

**- Подзона Ц (С) 1**

На Булевар ,,Никола Минчев,, се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар ,,Македонија,, до крстосница со булевар ,,Вељко Влаховиќ,, , јавен паркинг на Кп.бр.10259 и Кп.бр.10283/1 (позади ресторан КИЦО),;

**- Подзона Ц (С) 2**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот,, јавен паркинг на КП.бр.10666/1 и КП.бр.10666/2 (позади згради кај ,,Уни Палас,, и новиот паркинг на ,,Кочо Рацин,,);

**- Подзона Ц (С) 3**

На Булевар ,,Македонија,, се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар ,,Никола Минчев,, до крстосница со влез во паркинг простор (позади зградите „Лепотици“);

**- Подзона Ц (С) 4**

На Булевар ,,Македонија,, се организира улично паркирање од двете страни на булеварот од крстосница со булевар ,,Никола Минчев,, до крстосница со улица ,,Орце Николов“;

**- Подзона Ц (С) 5**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот „ јавен паркинг на КП.бр.16454“ (пред зградите на улица Кочо Рацин);

**- Подзона Ц (С) 6**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот „ јавен паркинг на КП бр.11009/3 и КП бр.11008/1“ (пред зградите на улица „Гоце Делчев“);

**- Подзона Ц (С) 7**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на булевар ,,Вељко Влаховиќ,, , јавен паркинг на Кп.бр.10765, Кп.бр.10731, Кп.бр.10725 (згради спроти УЈП);

**- Подзона Ц (С) 8**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот „ јавен паркинг на КП.бр.10690“ (позади зградите „Лепотици“) на Булевар,,Македонија,,;

**- Подзона Ц (С) 9**

На улица „Видое Смилески-Бато“ се организира улично паркирање од двете страни на улицата од крстосница со улица „Димката А. Габерот“ до крстосница со улица „Шишка“;

**Член 8**

Организатор на паркирањето е ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци.

**Член 9**

Организаторот на паркирањето на секој паркинг простор (затворен или отворен) е должен да ја означи соодветна зона-подзона, да постави вертикална и хоризонтална сигнализација, информативни табли за видот на возилата кои можат да се паркираат, времето на максимално дозволено паркирање, цената на паркирањето, начинот на плаќањето, како и други информации кои се неопходни за информирање на корисниците на услугите на паркирањето.

**Член 10**

Наплатата на паркирањето се врши согласно Одлука за тарифа на цени по зони за организирање на зонско паркирање**,** донесена од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, а на која согласност дава Советот на Општина Кавадарци.

**Член 11**

Работно време на паркинзите во зоните на паркирање:

За користење на услугата за паркирање на јавните паркиралишта со наплата во зона А, зона Б и зона Ц, се наплаќа:

-од понеделник до сабота – од 07:00 часот до 22:00 часот.

Во недела и на државни празници користењето на услугата за паркирање е бесплатна за сите корисници на јавните паркиралишта со наплата.

**Член 12**

Наплатата на цената на паркирање се врши преку мобилен телефон со СМС пораки, паркинг картички, преку официјалната мобилна апликација и издавање на повластени карти согласно Правилникот за начионот постапката за издавање на повластена паркнг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесен од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, а на кој согласност дава Советот на Општина Кавадарци**.**

При наплата преку СМС порака, по испраќањето на пораката корисникот веднаш добива повратна порака со информација дали е наплатена паркинг сесијата за возилото

со наведената регистарска таблица, како и информација за зоната на паркирање и времетраењето на паркинг картата. Доколку е испратена СМС порака со погрешен формат како и непостоечка зона корисникот ќе добие повратна СМС за истото и во тој случај паркирањето не е регулирано. Цената на СМС пораката е во рамките на цените за пораките на мобилните оператори или пониска, зависно од постигнатиот договор со мобилните оператори. Повратната СМС порака е бесплатна.

Во случај кога корисникот врши наплата на паркирањето со паркинг-картичка, должен е на паркинг-картичката да ги означи годината, месецот и денот во кој ќе го користи паркиралиштето како и часот и минутите во кој започнува паркирањето и истата да ја изложи видливо од внатрешната страна на ветробранското стакло за да биде видлива на контролорите на паркирање, во спротивно ќе се смета дека не е истакната паркинг карта и паркирањето е не регулирано.

При наплата преку официјалната мобилна апликација, по извршеното плаќање корисникот добива повратна нотификација дали е наплатена паркинг сесијата за возилото со наведената регистарска таблица, како и информација за зоната на паркирање и времетраењето на паркинг картата. При наплата преку официјалната мобилна апликација корисникот нема дополнителни трошоци, односно ја плача само цената на паркинг сесијата за соодветната зона.

Издавањето на повластени карти за паркирање се врши преку склучување на Договор согласно Одлука за тарифа на цени по зони за организирање на зонско паркирање.

**Член 13**

Носителите на право на сопственост или користење на станбен односно деловен простор во реонот на јавните паркиралишта или површина намената за паркирање, а кои немаат сопствен паркинг, користат повластен паркинг билет што го издава организаторот на паркирањето, врз основа на Правилникот за начионот и постапката за издавење на повластена паркнг карта за јавни паркиралишта со наплата донесен од:

Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, а на кој согласност дава Советот на Општина Кавадарци.

**Член 14**

Повластен паркинг билет што го издава организаторот на паркирањето можат да користа носителите на право на сопственост или користење на станбен простор лоцирани на улиците во Општина Кавадарци кои се краци на главните улици во опфат на заоната за паркирање на јавните паркиралишта и иститe немаат сопствен паркинг.

Под краци на главните улици во опфат на зоната се подразбираат: слепи улици, улици не пошироки од 4 метри, во кои станарите немаат можност за пристап со возилото во сопствен двор или паркинг.

**Член 15**

На носителите на право на сопственост или користење на станбен односно деловен простор во реонот на јавните паркиралишта или површина намената за паркирање им се наплака повластен паркинг билет што го издава организаторот на паркирањето врз основа на Одлука за тарифа на цени по зони за организирање на зонско паркирање.

Повластениот паркинг билет може да биде одобрен за користење на дополнителни подзони во зависност на исполнетоста на капацитетот и интензитетот на фрекфенција на сообраќај во примарните зони, кои дополнително ќе ги утврди организаторот на паркирањето со посебна одлука.

**Член 16**

Локациите кои се утврдени како авто-такси стојалишта, автобуски стојалишта, пешачки премини како и локации за друга намена утврдени согласно Одлука на Совет на Општина Кавадарци, не се предмет на оваа одлука и не влегуваат како локации во зонското паркирање.

**Член 17**

Паркирањето на земјоделска механизација, е на КП 10166/2-дел и КП 10167/2-дел, КО Кавадарци град, утврдена во Годишната Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.24/18, 49/19) .

За паркирање на земјоделската механизација од став 1 на овој член се плаќа надоместок во висина утврден со Одлука за тарифа на цени по зони за организирање на зонско паркирање, што ја донесува Управниот Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, а на која согласност дава Совет на Општина Кавадарци.

**Член 18**

Бесплатно паркирање, организаторот на паркингот одобрува на возилата на службата за итна медицинска помош, противпожарни возила, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, и за службените возила на општината.

**Член 19**

Организаторот на паркирање нема обврска за чување на паркираното возило и не одговара за било какво оштетување или кражба на возилото.

**Член 20**

Доколку корисникот не изврши наплата на услугата за паркирање на начин согласно со оваа Одлука (наплата со СМС порака, паркинг билет, повластена паркинг карта или го пречекорил времето на паркирање), ќе се смета дека паркирањето е нелегално или непрописно паркирано.

За непрописно паркирано возило се смета она возило кое е паркирано на место што не е наменето за паркирање, односно паркирано надвор од обележаното место или е паркирано на место кое е наменето за друг тип на возила или корисници, места обележани со Х, обележано место за инвалиди, обележано место за полнење на

електрични возила доколу возилото не е на електричен погон, шрафирани површини (косници), на влез и излез од паркинг простор, а истите се во опфат на просторот за зонско паркирање.

Во овие случаи, овластените лица на организаторот на паркирање ги санкционираат ваквите возила со поставување на налог за наплата, вршат блокирање на тркалата или отстранување на возилото од паркиралиштето со специјално возило-пајак.

**Член 21**

Организаторот на паркирањето е должен во рок од 30 од стапување во сила на Одлука да ги преземе сите неопходни дејствија во врска со обезбедување услови за спроведување на одредбите од оваа одлука.

**Член 22**

Со влегување во сила на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр.08-4989/7 од 25.09.2020 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр. 08-5902/7 од 13.11.2020 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр.08-1461/17 од 12.03.2021 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр 08-6854/14 од 03.12.2021 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр 08-7333/30 од 24.12.2021 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр.08-2379/2 од 07.04.2022 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр.08-2713/19 од 27.04.2023 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.63/2020, 65/2020, 70/2021, 3/2021, 5/2021, 11/2022 и 31/2023).

**Член 23**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „ Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-522/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.01.2025 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за**
**судско порамнување МАЛВП.бр 103/24**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**,Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП.бр 103/24, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 307 од Законот за парнична постапка (“Сл.весник на РМ” бр.79/05 ...124/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница, одржана на ден 28.01.2025 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**За давање Согласност за судско порамнување**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава Согласност за склучување Судско порамнување за предметот кој се води пред Основен суд Кавадарци под бр.МАЛВ.П.бр.103/2024,каде како тужителсе јавува Трајко Николов од Кавадарци, со адреса на живеење на ул.7-ми Априлбр.5, Кавадарци, со ЕМБГ0907958483045, преку полномошник Адвокат Александар Стојкоски од Кавадарци, а како тужени Општина Кавадарци, застапувана од Градоначалникот д-р Митко Јанчев од Кавадарци и Јавното Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, застапувано од законскиот застапник Гоце Ангеловски, на име надомест на нематеријална штета, во вкупен износ од 59.050,00 денари.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, преку полномошник-адвокат, да постигне спогодба и да склучи судско порамнување со следната содржина:

**С У Д С К О П О Р А М Н У В А Њ Е**

1.Тужителот преку полномошник Адвокат Александар Стојкоски од Кавадарциго повлекува и се откажува од дел од тужбеното барање на име побарување на нематеријална и материјална штета за износ од 8.000,00 денари со кое тужените се задолжуваат солидарно да исплатат справедлив паричен надомест на тужителот, а останува за остатокот на тужбено барање во износ од 51.050,00 денари.

2.Тужените Општина Кавадарци и Јавно Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, СОГЛАСНИ СЕ со вака прецизираното тужбено барање за износ од 51.050,00 денари на тужителот по основ на справедлив паричен надомест за претрпена нематеријална штета во износ од 50.000,00 денари и материјална штета во износ од 1.050,00 денари на име тетагам

инекција и истовремено потврдуваат дека СЕ СОГЛАСНИ солидарно, во рок од 15 дена сметано од денот на заклучувањето на ова судско порамнување, на име нематеријална и материјална штета на тужителот да му исплатат вкупен износ од 51.050,00денари, зголемен за износот на трошоците на постапката во вкупен износ од 25.900,00 денари и тоа: за состав на тужбаза состав на тужба 5.200,00 денари зголемена за второтужен од 25% односно вкупен износ од 6.500,00 денари, за присуство на 1 рочиште износ од 6.240,00 денари зголемен за второтужен од 25% износ од 7.800,00 денари, за судска такса за тужба износ од 1.600,00 денари, износ од 7.000,00 денари за вешт наод и мислење, за лекарско уверение износ од 3.000,00 денари.

Исплатата да се изврши на начин што вкупниот износ од 76.950,00 денарина име материјална и нематеријална штета во износ од 51.050,00 денари и износ од 25.900,00 денарина име трошоци на постапката да се исплати на Адвокат Александар Стојкоскисогласно доставено полномошно.

Судската такса за судското порамнување ќе ја платат тужените по пола согласно задолжение на судот.

3. Ова судско порамнување го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под МАЛВ.П.бр.103/2024, па двете страни потврдуваат дека повеќе немаат никакви взаемни побарувања или долгувања по основ на штетниот настан предмет на овој спор.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-522/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.01.2025 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за склучување**
**на спогодба во постапка за медијација**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**,Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во постапка за медијација, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 307 од Законот за парнична постапка (“Сл.весник на РМ” бр.79/05 ...124/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница, одржана на ден 28.01.2025 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**За давање Согласност за склучување на медијаторска спогодба**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава Согласност за склучување писменаспогодба за решавање на спорниот однос меѓу страните во постапка за медијација, за предметот кој се води пред медијатор Роска Јованова од Кавадарци, заведен под М.бр.18-2024,каде како иницијатор-подносител на барањето за поведување постапка на медијација, се јавува Фросина Василеваод Кавадарци, со адреса на живеење на ул.Пере Тошев бр.20, Кавадарци, со ЕМБГ2808982425047, преку полномошник Адвокат Димитар Петков од Кавадарци, против Општина Кавадарци, застапувана од Градоначалникот д-р Митко Јанчев од Кавадарци и Јавното Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, застапувано од законскиот застапник Гоце Ангеловски, за надомест на нематеријална штетанастаната од каснување на куче скитник на ден 16.08.2024 година во с.Кесендре, во износ од 70.000,00 денари и трошоци на постапката во износ од 10.918,00 денари.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, преку полномошник-адвокат, да постигне спогодба и да склучи писмена спогодба во постапка за медијација со следната содржина:

**МЕДИЈАТОРСКА СПОГОДБА**

1.Иницијаторот-подносителот на барањето за поведување постапка на медијација преку полномошник Адвокат Димитар Петков од Кавадарциго повлекува и се откажува од дел од барањето на име побарување на нематеријалнаштета за износ од 20.000,00 денари, а останува за остатокот на барањето за надомест на нематеријална штета во износ од 50.000,00 денари.

2.Страните во постапката - Општина Кавадарци и Јавно Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, СОГЛАСНИ СЕ со ваквото барање за надомест наматеријална штета во износ од 50.000,00 денари и истовремено потврдуваат дека СЕ СОГЛАСНИ солидарно, во рок од 15 дена сметано од денот на заклучувањето на оваа медијаторска спогодба на име нематеријалнаштета на иницијаторот-подносителот на барањето за поведување постапка на медијација да му исплатат вкупен износ од 50.000,00денари, зголемен за износот на трошоците на постапката во вкупен износ од 10.918,00 денари и тоа: за состав на барање за поведување на постапка пред медијаторсо зголемување за наредно лице 1.917,00 денари со вклучен 18% ДДВ и за присуство на 1 рочиште за медијација со зголемување износ од 2.301,00 денари со вклучен 18% ДДВ, односно износ од 4.218,00 денари вкупни адвокатски трошоци итрошоци пред медијатор во износ од 6.700,00 денари.

Исплатата да се изврши на начин што вкупниот износ од 60.918,00 денарина име нематеријална штета во износ од 50.000,00 денари и износ од 10.918,00 денарина име трошоци на постапката да се исплати на трансакциона сметка на Фросина Василева.

3. Оваа медијаторска спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се водипред медијаторот Роска Јованова од Кавадарци, па двете страни потврдуваат дека повеќе немаат никакви взаемни побарувања или долгувања по основ на штетниот настан предмет на овој спор.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-522/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.01.2025 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука**
**за давање согласност за склучување на**
**судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.22/24**
**поведен пред Основен суд Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**,Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.22/24 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница, одржана на ден 28.01.2025 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет П1.бр.22/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет П1.бр.22/24, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1.Предметнаоваа СудскаСпогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци П1.бр.22/24за исплата на надомест на штета за одземен од владение недвижен имот дел од кп.бр.5589/18 м.в.„Домовица" култура гнз со новоформирана кп.бр.5589/18 во површина од 229 м2 со право на сопственост наБлагица Коцева Тодорова од Кавадарци ул.„Крсте Мисирков"бр.55 која се формира согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за утврдена фактичка состојба и нумерички податоци за делба на кп.бр.5589/18 во КО Кавадарци вон град со деловоден број 0801-124/2024 од 01.11.2024 година изработен од ДГРИ„ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Кавадарцикој сега се користи како дел од улица поплочен со бехатон.

**2.**Странитена Судската Спогодба се согласни за одземениот од владение недвижен имот од точка 1 на оваа спогодба, првотужениот

општина Кавадарци наименадомест на штетадаи исплати на тужителкатаизнос од 1.230,00 ден./м2 односно за вкупна површина од 229 м2 вкупен износ од 281.670,00 денари и трошоци на постапката во вкупен износ од 41.220,00 денари, согласно доставен трошковник.

**3.**Тужителката е согласна надоместокот на штета во вкупен износ од 281.670,00 денари, прво тужениот општина Кавадарцида го плати најдоцна до 30 Јуни 2025 година на трансакциска сметка на тужителката, а трошоците на постапката во износ од 41.220,00 денари на жиро сметка на адвокатот на тужителката во истиот рок.

**4.**Страните на судската Спогодба се согласни оваа судска спогодба да претставува основ за пренос на правото на сопственост во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите од име на тужителката Благица Коцева Тодорова на име на првотужениот општина Кавадарци – Локална самоуправа како корисник на градежното земјиште цитирано во точка 1 од оваа спогодба.

**5.**Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под П1.бр.22/24.

**6.**Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот П1.бр.22/24 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кавадарци".

**Бр.08-522/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.01.2025 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба**

**во врска со судски предмет ВПП.бр .211/24**
**поведен пред Основен суд Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**,Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр .211/24 поведен пред Основен суд Кавадарци донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/13** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница, одржана на ден 28.01.2025 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.211/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.211/24, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа СудскаСпогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.211/24 за определување на надоместок за експроприрано земјиштедел од кп.бр.10530 м.в.„Булевар Македонија“ култура гз со новоформирана кп.бр.10530/2 во површина од 81 м2 со право на сопственостна Шалев Зоранчо од Кавадарци ул.„М.Џ.Џико“бр.73 по Имотен лист бр.13475 КО Кавадарци, согласно Решение за експропријацијаЕкс.бр.25-76 од 30.08.2019 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на дел од ул.,,Орце Николов“КО Кавадарципредвиденасо ДУП за УЕ„Опитни поле“ (Ѓорѓи Соколов), согласноГеодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за реализација на урбанистички план нумерички податоци на кп.бр.10530 и кп.бр.10529 за експропријација во КО Кавадарци град со деловоден број

0801/59/2/2019 од 11.04.2019 изработен од „ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ Кавадарци.

2.Странките на судската Спогодба се согласни за експропријаното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – општина Кавадарци – Локална самоуправа на именадомест да му исплати на противникот износ од 1.935,00 ден./м2 односно за површина од 81 м2 надоместок во вкупен износ од156.811,00 денари, износ од 61.500,00 денари на име надомест на штета за набавка, транспорт и поставување на павер елементи и рабници (согласно Наод и мислење од Завод за вештачење СВ III 14/24 и Записник од увид на лице место бр.10-230/12 од 08.11.2024 година), и трошоци на постапката во износ од 43.680,00 денарисогласно доставен трошковник.

3. Противникот е согласен надоместокот за експропријаното земјиште во вкупен износ од 156.811,00 денари, износ од 61.500,00 денари на име надомест на штета за набавка, транспорт и поставување на павер елементи и рабници предлагачот – општина Кавадарци Локална самоуправ да го плати најдоцна до 30 Јуни 2025 година на трансакциска сметка на противникот,а трошоците на постапката во износ од 43.680,00 денари на жиро сметка на адвокатот на противникот во истиот рок.

3. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.211/24.

Противникот е согласен поставените павер елементи и рабници на експропријаната недвижност со кп.бр.10530/2 во површина од 81 м2 да останат во владение на општина Кавадарци.

4. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.211/24 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Кавадарци”.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-522/13** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **28.01.2025 година** | **Претседател** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **д-р Стојанчо Рамов** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за склучување**
**на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.226/24**
**поведен пред Основен суд**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** ,Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.226/24 поведен пред Основен суд , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница, одржана на ден 28.01.2025 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.226/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.226/24, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1.Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.226/24 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиштедел од кп.бр.4344 м.в.„12 Другари“ КО Ваташа култура зз со новоформирана кп.бр.4344/2 во поршина од 9 м2 со право на сосопственост од 30/530 на Република Северна Македонија и 500/530 на Ќире Темов со стан на ул.„Мито Хаџи Василев“ бр.68 по Имотен лист бр.3442 КО Ваташа, согласно Решение за експропријација Екс.бр.30-22од 03.10.2024 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на објект за општа употреба –дел од улица ,,12 Другари“ предвидена по ДУП за УЕ 14, БЛОК 14.3 и ДЕЛ ОД БЛОК 14.4 „Ваташко игралиште“ КО

Ваташа, согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени занумерички податоци во КО Ваташа со деловоден број 0801/127/23-3 од 25.09.2023 година изработен од ДГР„Гео Компас“ ДООЕЛ Скопје.

2. Странките на Судската Спогодба се согласни з експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – општина Кавадарци – Локална самоуправа наимеправичен паричен надомест да му исплати на противникот Ќире Темов износ од 1.230,00 ден./м2 согласно големината на со сопственичкиот дел односно надоместок во вкупен износ од 10.443,00денари

3. Противникоте согласен надоместокот во вкупен износ од 10.443,00 денари предлагачот – општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати најдоцна до 30 Јуни 2025 година на трансакциска сметка на противникот.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.226/24.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.226/24 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци”.

**Бр.08-522/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.01.2025 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука**
**за давање согласност за склучување на**
**судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.222/24**
**поведен пред Основен суд Кавадарци;**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.222/24 поведен пред Основен суд Кавадарци; , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница, одржана на ден 28.01.2025 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.222/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Финансиските средства заПоддршка на Здруженија на лица од ранливи категории, ќе се реализираат врз основа на доставено Барање од страна на здруженијата кои работат со ранливи категории на лица. Барањето го разгледува Комисија за ЛЕР на Советот на Општина Кавадарци која доставува предлог заклучок до Градоначалникот кој донесува Решение за исплата на Здруженијата.

**IV.Програма на Младински Центар**

Финансиските средства за Младински Центар од ранливи категории, ќе се реализираат врз основа на доставено Барање, бидејќи не конкурииараат по Јавен повик. Барањето го разгледува Комисија за ЛЕР на Советот на Општина Кавадарци која доставува предлог заклучок до Градоначалникот кој донесува Решение за исплата на Здруженијата.

**V.Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство**

Финансиските средства за Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство, ќе се реализираат врз основа на доставено Барање, бидејќи не конкурииараат по Јавен повик. Барањето го разгледува Комисија за ЛЕР на Советот на Општина Кавадарци која доставува предлог заклучок до Градоначалникот кој донесува Решение за исплата на Здруженијата.

**VI.Нула глад**

Финансиските средства заНула глад (Банка за храна)ќе се реализираат врз основа на доставено Барање, бидејќи не конкурииараат по Јавен повик. Барањето го разгледува Комисија за ЛЕР на Советот на Општина Кавадарци која доставува предлог заклучок до Градоначалникот кој донесува Решение за исплата на Здруженијата.

Процедурата влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08-522/22** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **28.01.2025 година** | **Претседател** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **д-р Стојанчо Рамов** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Процедура за начинот на вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци-за правото на пристап и исправка на личните податоци на субјектите на личните податоци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Процедура за начинот на вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци-за правото на пристап и исправка на личните податоци на субјектите на личните податоци , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/23** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 90 од Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/20 и 294/21), Правилник за содржината и формата на актот за нажинот на врѓење видео надзор (,,Сл.Весник на РСМ,, бр.122/2020), Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на РСМ“ број 122/20) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница, одржана на ден 28.01.2025 година, донесе,

**П Р О Ц Е Д У Р А**
**за правото на пристап и исправка на личните податоци на субјеките на личните податоци**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци и тоа: Општина Кавадарци во својство на контролор, техничките и организациските мерки за

обезбедување тајност и заштита на личните податоци обработени преку вршење на видео надзор, рокот и начин на чување на записите од видео надзорот и начин на бришење на видео записите, како и правата и обврските на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор.

**Член 2**

Целта на видео надзорот на Територија на Општина Кавадарци е обезбедување заштита на имотот и имотните права на Општина Кавадарци и добрата во општа употреба и тоа:

- Заштита на автобуски постојки
- Заштита на зелени површини

- Заштита на споменици
- Заштина на имот во сопственост на општината
- Заштина на опрема во сопственост на општината (клупи , канделабри, ламби за осветлување,корпи за одпад, пешачки премини)
- Заштита на пешачки патеки, тротоари , големи контејнери, големи фонтани, сообраќајни знаци, семафори, мостови преградни блокови,
- Заштита од стварање на диви депонии,
- Броење на возила и евиденција на возила за статистички мерења

Согласно член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член** 3

Мониторинг центарот на Општина Кавадарци е сместен во просториите на Зградата на Општина Кавадарци и во него се вработени 6 лица кои работат во три смени.

Општина Кавадарци со посебно овластување определува -Офицер за заштита на личните податоци согласно член 41 од Законот за заштита на личните податоци на системот за видео надзор за заштита на личните податоци (овластување -прилог на овој правилник).

Офицер за заштита на личните податоци е овластено лице за координирање и контрола на техничките и организациските мерки кои се применуваат за тајност и заштита на обработката на личните податоци кој има целосна контрола.

Офицерот за заштита на личните податоци на системот за видеонадзор е лице за контакт и истото е одговорно за видеонадзорот.

На влезот во Мониторинг центар стои натпис ЛИМИТИРАН ПРИСТАП – ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ ЗА НЕОВЛАСТЕНИ ЛИЦА.

Вработени во Мониторинг центарот се овластени со посебно овластување од страна на Градоначалникот на Општината – (овластување -прилог на овој правилник).

Вработени во Мониторинг центарот потпишуваат Изјава за приватност при вршење на видеонадзор за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за спроведување на видео надзорот – (прилог на овој правилник).

Вработени во Мониторинг центарот имаат право да носат мобилен телефон без камера, а забрането им е носење на мобилен смарт телефон.

На вработените им е забрането да работата и оперираат со податоците, немаат права да враќаат снимени материјали и пренесуват снимки на други медиуми.

**Член 4**

Системот е изведен на ИП базирано решение односно секоја камера во зависност од локација ќе биде поврзана со оптичка врска директно во Мониторинг центарот во Општината.

**Член 5**

Опремата за видео надзор е со следните технички карактеристики

1.Ротирачка камера предвидени се 6 броја и тоа:

IP ротациона камера

- камерата да биде наменета за надворешна употреба;
- резолуција мин.2МР 1080П (1920x1080);
- да има можност за оптичко зумирање;
- софтверско активирање на мод за работа во услови на магла;
- со мрежен приклучок R45;
- можност за меморирање на патроли;
- повеќе нивоа на кориснички пристап;
- подршка за различни полиња за маскирање приватност на одредени делови од сликата Privacy mask.

2.Мрежна фиксна камера со фиксен објектив 174 броја

- камерата да биде наменета за надворешна употреба;
- резолуција мин. 4 мега пиксели (2688 × 1520);
- да има можност за оптичко зумирање;
- софтверско активирање на мод за работа во услови на магла со мрежен приклучок R45;
- повеќе нивоа на кориснички пристап;
- подршка за различни полиња за маскирање приватност на одредени делови од сликата Privacy mask.

3.Мрежна фиксна камера со фиксен објектив куполна броја 15

Камерата да биде наменета за надворешна употреба

- Вградено инфра црвено осветлување од мин. 30 метри
- Резолуција од мин. 6 мега пиксели (3072 x 2048)
- софтверско активирање на мод за работа во услови на магла со мрежен приклучок R45;
- повеќе нивоа на кориснички пристап;
- подршка за различни полиња за маскирање приватност на одредени делови од сликата Privacy mask

4.Мрежна фиксна камера со моторизиран вариофокален објектив 7 броја

- камерата да биде наменета за надворешна употреба;
- резолуција мин. 2 мега пиксели
- да има можност за оптичко зумирање;

- софтверско активирање на мод за работа во услови на магла со мрежен приклучок R45;
- повеќе нивоа на кориснички пристап;
- подршка за различни полиња за маскирање приватност на одредени делови од сликата Privacy mask.

5.Мрежна фиксна камара со препознавање на регистарски таблички 10 броја

- камерата да биде наменета за надворешна употреба;
- можност за препознавање на регистарски таблички;
- резолуција мин. 2MP 1080П (1920x1080);
- да има можност за оптичко зумирање;
- софтверско активирање на мод за работа во услови на магла со мрежен приклучок R45;
- повеќе нивоа на кориснички пристап.

6. Мрежен видео рекордер 14 броја
- за подршна на мин 16 IP kameri;
-да подржува мрежни камери од различни производители HDMI I VGA излези;
- приклучување на мин 2 хард дискови со капацитет од повеќе TB;
- да подржува поврзување на централна менаџемент апликација.

Хард диск за архивирање на снимен материјал
- да е специјализиран за работа 24/7;
- дискови од неколку терабајти;

7. Аналогна фиксна камера за надворешна монтажа 21 број
-Камерата треба да има CMOS сензор
-Камерата има резолуција од 2 мегапискели (1920x1080)
-Камерата има фиксен објектив

8. Аналогна фиксна камера за надворешна монтажа 12 број
-Камерата треба да има CMOS сензор
-Камерата има резолуција од 5 мегапискели (2560x1944)
-Камерата има фиксен објектив

9. Видео рекордер за аналогни камери 12
- за подршна на мин 16 IP kameri;
-д а подржува мрежни камери од различни производители HDMI I VGA излези;
- приклучување на мин 2 хард дискови со капацитет од повеќе TB;
- да подржува поврзување на централна менаџемент апликација.

9.Професионални LCD монитори 4 броја 42'' , 4 броја 49" и 4 броја 55"
Солуција за снимање
- да има можност за снимање на информации добиени од камерите;
- алармирање во случај на проблем .
10.Хардверска конфигурација компјутери за мониторинг 5 броја
- оперативен систем windows ;
- процесор I5;
- 8 GB рам меморија;
- графичка карта.
Клиентска апликација
- клиентска апликаци за следење на системот;
- да овозможи работа на екраните во форма на зид;
- да овозможи лимитирање на привилегиите на секој корисник;
- да овозможува контрола на вртливи камери;
- приказ на информациите на регистарските камери
Вкупен број на камери: 245 камери.

**Член 6**

Графичката поставеност на системот за Видео Надзор, локациите, мапа на кои ќе се врши видео надзорот и аголот на поставеност на камерите и каде е поставен системот за видео надзор - план за поставување на видео надзор прилог на овој правилник.

**Категорија на лични податоци кои се обработуваат преку системот за видео надзор**

**Член 7**

Преку системот за Видео Надзор на територијата на Општина Кавадарци се обработуваат следните категории на лични податоци:
- Физички и физиолошки изглед на лица кои повремено влегуваат во фокусот на камерите кои се поставени со цели пропишани во член 2 од овој правилник односно се собираат само слики фатени на камерите, при што не се врши тонско снимање.;

**Технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци обработени преку видео надзорот.**

**Член 8**

„Општина Кавадарци ги обезбедува следниве технички мерки за тајност и заштита на личните податоци добиени преку системот за вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци:
- Сопствено корисничко име и лозинка (составена од комбинација на најмалку осум алфанумерички карактери од кои минимум една голема буква и специјални знаци) за вработените во Мониторинг центарот - Промена на лозинките на секои три месеци;

- Автоматизирано одјавување од информацискиот систем после изминување на определен период на неактивност (не подолго од 15

минути) и за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничкото име и лозинката;

- Автоматизирано отфрлање од информацискиот систем после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на корисникот дека треба да се побара инструкција од овластено лице за иниформацискиот систем;
- Инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера (“фајервол”) и ограничување на овластените порти за комуникација на оне што се строго неопходни за правилна работа на софтверските програми инсталирани на работните станици на контролорот;
-редовно ажуриран антивирусен софтвер и дефинирана политика за редовни ажурирања на софтверските програми;
-конфигурирани софтверски програми така што безбедносните ажурирања да се вршат автоматски;
-зачувување на податоците на корисниците на серверите на контролорот з кои редовно се прави сигурносна копија, а во случај кога податоците се зачувуваат локално, задолжително со мерки за синхронизација или со резервни дополнителни мерки за заштита врз основа на анализа на ризикот;
-ограничување на опцијата з приклучување на преносливите медиуми (УСБ, надворешен хард диск и сл) кон системите со примарна важност
-исклучен автоматски режим на работа за преносливите медиуми (disable autorun for removable media)
- Ефективна и сигурна анти-вирусна и анти–спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;
- Ефективна и сигурна анти-спам заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови;
- Приклучување на информацискиот систем (компјутерите и серверите) на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување;
- Оптичкото влакно кое се користи за поврзување на сите локации, оптичкото влакно нема да се употребува за други намени, изолирана оптичка врска (Дарк фибер) која ќе биде исклучиво за потребите на Општината и за проток на податоците од камерите);
- Одржувачот систем ќе има обврска еднаш месечно да прави проверка за безбедноста на системот и потполнува извештај кој е составен дел од документација за вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци;
- Firewall решение за заштита од нелегален пристап или проток на податоци.

**Член 9**

Општина Кавадарци ги обезбедува следниве организациски мерки за тајност и заштита на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци:
- Систем за автоматизиран пристап само на овластени лица;
- Систем за логирање на сите влегувања и излегувања;
- Уништување на снимените материјали после истекот на законскиот рок од триесет (30) дена;
- Мерки за физичка сигурност на просторијата - сервер салата каде што се врши видео надзорот на територијата на Општина Кавадарци (24 часовно

физичко обезбедување, блендирана врата, механички заштитени прозорци);
- Почитување од техничките упатства за користење, инсталирање и одржување на опремата за вршење на видео надзор.

**Член 10**

Општина Кавадарци води евиденција - прилог на овој правилник до пристапот и увидот во обработени податоци преку системот за вршење на видео надзорот.

Евиденцијата ги содржи следниве податоци:
- Реден број;
- Име и презиме на овластено лице;
- Време на пристап во системот за видео надзор;
- Целите за пристапување на системот за видео надзор;
- Датум и час на направена копија до која се пристапува;
- Датум време назив и седиште на кои е дадена снимката од видео надзорот**;**

**Известување за вршење на видео надзор**

**Член 11**

На сите локации каде е поставен Видео Надзор на видно место се истакнува Известување дека се врши видео надзор од страна на Општина Кавадарци, целите за вршење на видео надзорот, и начинот и постапката за добивање на обработените податоци, Образецот - известување прилог на овој правилник.

**Прегледување и рок на чување на снимен видео материјал**

**Член 12**

Прегледување на снимен материјал се врши врз основа на поднесено писмено барање во Архивата на Општина Кавадарци во кое се наведува причината и законскиот основ поради која се бара увид **и копија** во снимениот материјал, и издадено писмено одобрение од Градоначалникот на Општина Кавадарци.

До видеонадзорот може да се пристапи само од страна на овластените лица за видеонадзор.Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е ограничен, заштитен со примена на технинички мерки за безбедност на податоците(лозинка, запис за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица).

До податоците, односно видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на Офицерот за заштита на личните податоци .

Прегледувањето на видео материјалот се врши во централната компјутерска единица – Мониториг центарот, од страна на Офицерот за заштита на личните податоци и Овластеното лице од член 3 од овој правилник.

Снимките направени при вршење на видео надзор се чуваат до исполнување на целите за кои се врши видео надзорот, но не подолго од 30 дена, освен ако со друг закон не е предвиден подолг рок.

**Овластени лица за обработка на податоци од системот за видео надзор.**

**Член 13**

Пристап и увид до податоците обработени преку системот за вршење на видео надзор податоци имаат Офицерот за заштита на личните податоци на системот за видео надзор во Општина Кавадарци и

овластените вработени од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци, согласно овој правилник.

Офицерот за заштита на личните податоци е лице вработено во Општина Кавадарци овластено со посебен акт од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Градоначалникот на Општина Кавадарци по потреба може да овласти и друго лице за пристап до снимените материјали од видео надзорот и за пристап до централната компјутерска единица за видео надзор.

Офицерот за заштита на личните податоци има пристап до видео надзорот, го одржува системот за видео надзор, има пристап до архивата на снимените материјали и пристап до централната компјутерска единица за вршење на видео надзор.

**Член 14**

Периодична оценка врши офицерот за заштита на личните податоци на секои две години за постигнатите резултати од системот за вршење на видео надзор.

Периодичната оценка се однесува на:

-Понатамошна оценка за користење на системот за вршење на видео надзор;

- Целта, односно целите за вршење на видео надзор;

-можните технички решенија за замена на системот за вршење на видео надзор

- Статистички показатели за пристапот до снимките за видео надзорот;

- Начин на искористување на снимките и за која намена.

- За извршена оценка офицерот изготвува извештај.

**Член 15**

За се што не е предвидено со овој правилник важат одредбиде од Законот за заштита на личните податоци Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/20 и 294/21) и Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзорот („Службен весник на РСМ“ бр.122/20) и Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на РСМ“ број 122/20)

**Член 16**

Процедурата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-522/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.01.2025 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Образец бр. 1

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), ____________________

____________________

одговорно лице кај контролорот, односно обработувачот (директор, министер и сл.)

**ОВЛАСТУВАЊЕ**
**за вршење обработка на лични податоци**

во ____________________

назив на контролорот односно обработувачот

(1) Се овластува ____________________, ____________________
(име и презиме) (работно место)

во ____________________
(назив на контролорот/обработувачот (сектор/одделение)

да врши обработка на личните податоци содржани во ____________________

____________________

(да се наведе називот на збирката/те на личните податоци на пример, збирка за вработените, збирка на ученици, збирка на корисници на социјална помош, збирка на осигуреници и сл.)

(2) Лицето од ставот (1) на ова овластување задолжително треба да:

- ги почитува начелата за заштита на личните податоци;
- врши обработка на личните податоци согласно со упатствата добиени од ____________________;
  (назив на контролорот/обработувачот)
- ги почитува техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на личните податоци кои ќе ги дознае при работата во ____________________; и
  (назив на контролорот/обработувачот (сектор/одделение)
- ги чува како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.

(3) Обемот на овластувањето за пристап до личните податоци е:

____________________.

(да се опише обемот на овластување (на пример, да внесува лични податоци, да брише, да коригира, да гледа и сл.)

(4) Начинот на пристап до лични податоци е:

____________________

____________________.

(да се опише дали овластеното лице има пристап до личните податоци содржани во хартиена документација или до личните податоци кои автоматски се обработуваат или има пристап и на двата начина)

(5) Рокот на важење на ова овластување е за време додека е на работното место[1] ____________________ во ____________________.

(да се наведе на кое работно место е распоредено лицето) (назив на контролорот/обработувачот)

(6) Ова овластување влегува во сила со денот на донесувањето.

М.П.

Потпис на одговорното лице,

________

[1] Доколку е вработен на определено време да се наведе и рокот (ДД.ММ.ГГ)

Образец бр. 2

Врз основа на одредбите од Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.), на ден ____.____.202___ година ја давам следната

**ИЗЈАВА**
**за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор**

Јас долупотпишаниот/ната, ________________________________, _____________________
(Име и презиме) (Звање и работно место)
во Одделението за ____________________________________________, во Секторот за ___________________________, во ________________________________, согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. ______), и документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци во ________________________________________, се обврзувам дека:

- **ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;**
- **ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;**
- **ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од ______________;**
- **на трети лица надвор од ________________________________________и на други лица од __________________________ нема да издавам било каков податок од збирките на лични податоци или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознаам при работата во _______________________________________.**

Потпис,

_________________

**Образец бр.3 Известување за вршење на видео надзор[1]**



# Видео надзор!

Дополнителни информации ќе најдете:
- Преку известување
- На пријавница/ рецепција/ инфо пулт
- На интернет (www)...

**Назив на контролорот и каде е применливо назив на претставникот на контролорот:**

**Контакт информации:**

**Контакт информациите за офицерот за заштита на личните податоци (доколку е определен):**

**Информации што го засегаат субјектот на личните податоци (период на чување или следење во реално време, објавување или пренесување на видео снимките на трети страни):**

**Цел, односно цели за вршење на видео надзорот:**

**Права на субјектите на лични податоци**: Како субјект на личните податоци можете да остварите повеќе права, особено право да пристапите или да барате да се избришат вашите лични податоци.
Повеќе детали за видео надзорот и за вашите права може да најдете од информациите наведени од контролорот преку опциите наведени во левиот агол.

[1] ***Забелешка:*** *Информациите мора да бидат бесплатни, во транспарентна, разбирлива и лесно достапна форма, напишана на едноставен јазик. Ова известување треба да биде отпечатено на А4 формат.*

Образец бр. 4

## ИЗЈАВА
## ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕОНАДЗОР

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што ________________________ (во натамошниот текст: Контролор), ги собира од вас при посета на службените/деловните простории и како Контролорот ги користи овие податоци.

**1. Зошто собираме (обработуваме) лични податоци?**

Контролорот собира лични податоци преку системот за видеонадзор од следните причини (цели):

- да се контролира пристапот до објектот (зграда, влез, простории..) и да се обезбеди сигурност на објектот, безбедноста на вработените во Контролорот и посетителите, како и на имот и информациите кои се лоцирани или се чуваат во просториите;
- за да се спречи, одврати и, доколку е потребно, да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории, ИТ инфраструктура или оперативни информации; и
- да се спречи, открие и да се испита кражба на опремата или средства во сопственост на Контролорот, посетителите или вработените, или закани по безбедноста на персоналот кој работи во просториите (на пример: пожар, физички напад).

Системот за видеонадзор не се користи за ниту една друга цел, како на пример да се следи работата на вработените или нивното присуство. Видео камерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор. Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на одредени места, но не и да се препознаат лица.

Системот за видеонадзор исто така не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видеонадзорот согласно Законот за заштита на личните податоци. (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага).

Камерите за видеонадзор се инсталираат на ________________________ и се поставени и фокусирани така што се снимаат само лица кои ќе пристапат до службените/деловните простории (објекти), вклучително и имотот (на пример за паркирање).

Системот со видеонадзор ја опфаќа областа на: да се даде детален опис (на пример: влезните и излезните места на зградата, влезните места во зградата, гаража и надворешна површина на зградата...)

**2. Какви податоци собира Контролорот?**

Контролорот собира само слики фатени на камерите, при што не се врши тонско снимање.

**3. Кој е одговорен за обработка на податоците?**

Контролорот е субјект кое ја врши обработката на личните податоци и кое ги утврдува целите на обработка, единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Покрај тоа, ________________________________ е лице за контакт и одговорно за видеонадзорот.

**4. Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за видеонадзор?**

Контролорот користи опрема за видеонадзор за (да се неведе една или повеќе од наведените цели):

- заштита на животот или здравјето на луѓето;
- заштита на сопственоста;
- заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата; или

- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории.

Затоа, обработката е законска согласно член 90 од Законот за заштита на личните податоци.

Покрај тоа, на влезот на ______________________________, има видливо и јасно истакнато известување за видеонадзорот кое им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видеонадзорот, како и за називот на контролорот кој го врши видеонадзорот и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видеонадзор.

**5. Кој може да ги види моите лични податоци?**

До видео записите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видеонадзор (на пример: членовите на безбедносниот персонал на Контролорот или од ангажираната Агенција за приватно обезбедување). Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица). До податоците, односно видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на ____________________________.

**6. Како да ги контролирате вашите податоци?**

Може да испратите барање на ______________ (на пример: е-пошта на __________@____.mk, адреса _________________________________).

**7. Можам ли да пристапам до моите податоци?**

Вие имате право да пристапите до вашите податоци во секое време и бесплатно, со испраќање на барање до ______________, или преку е-пошта до: __________@____.mk.

**8. Можам ли да ги менувам моите податоци?**

Не е дозволено изменување на видео записот за видеонадзор.

**9. Може ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?**

Вие имате право да ја ограничите обработката на вашите лични податоци во секое време со испраќање на барање на ______________ (на пример: е-пошта на __________@____.mk, адреса ______________.), кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци, или кога на Контролорот повеќе не му се потребни податоците за извршување на неговите задачи. Вие исто така можете да ја блокирате обработка и кога работењето е незаконско и вие се спротивставувате на бришење на податоците. Сепак, блокирањето не е можно во секој случај на службена истрага.

**10. Дали можам да ги избришам моите податоци?**

Вие имате право да ги избришете вашите податоци во секое време со испраќање на барање на ______________ (на пример: е-пошта на __________@____.mk, адреса ______________.), кога обработката е незаконска.

**11. Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?**

Вашите податоци се чуваат во Контролорот, освен ако не побарате од Контролрот или пак дадете согласност истите да бидат споделени. Во случај на споделување на Вашите податоци со трети страни, ќе бидете известени на кого се откриени, за која цел и врз кој законски основ.

**12. Дали имам право на приговор?**

Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката во кое било време со испраќање на барање на ______________ (на пример: е-пошта на __________@____.mk, адреса

______________.), кога имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација. Контролорот ќе постапи по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

**13. Што можам да направам во случај на проблем?**

а) Првиот чекор е да го известите Контролорот со испраќање е-пошта до ___________@____.mk и да побарате да преземе акција.

б) Вториот чекор, ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од тоа, контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци на dpo@_________.мк.

в) Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци www.azlp.mk, која ќе постапи по вашето барање и ќе ги донесе потребните мерки.

**14. Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системот за видеонадзор?**
Обработката започнува во моментот кога ќе ги посетите просториите на Контролорот.

**15. Безбедност на личните податоци**

Контролорот е посветен на заштита на вашите лични податоци. Затоа, користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци пред се од неовластен пристап, употреба или откривање. Ние ги чуваме вашите податоци на компјутерски системи со ограничен пристап и во контролирана околина.

**16. Колку долго ги чуваме вашите податоци?**

Контролорот ќе ги чува вашите лични податоци _____ календарски денови по вашата посета во нашите простории, по што сите снимени видеозаписи автоматски се бришат.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за формирање подружница 2,**
**донесена од Управен Одбор на**
**ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** ,Одлука за формирање подружница 2, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/24** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/02), член 82 став 1 точка 31 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 28.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука**
**за организирање на подружница 2**
**на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта**
**,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлука бр.02-336/3 за организирање на подружница донесена од Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци на седница одржана на ден од 23.01.2025 година

**Член 2**

Одлуката влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-522/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.01.2025 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за формирање подружница 3,**
**донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**,Одлука за формирање подружница 3, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр. 09 –737/25** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/02), член 82 став 1 точка 31 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 28.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука**
**за организирање на подружница 3**
**на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта**
**,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлука бр.02-336/4 за организирање на подружница донесена од Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци на седница одржана на ден од 23.01.2025 година .

**Член 2**

Одлуката влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-522/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.01.2025 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлука за давање согласност на Статутарна Одлука за изменување на Статут на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци,**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**,Одлука за давање согласност на Статутарна Одлука за изменување на Статут на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/26** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/02), а врска со член 11 став 1 точка 1 од Законот за

јавни претпријатија (,,Сл.весник на РМ,, 38/96,.......35/19 и ,,Сл.весник на РСМ,, 275/19...208/24), член 82 став 1 точка 31 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 28.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Статутарна Одлука**
**за изменување и дополнување на Статутот**
**на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта**
**,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност на Статутарна Одлука изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци со арх.бр 02-336/5, донесена од Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци на седница одржана на ден од 23.01.2025 година .

**Член 2**

Одлуката влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-522/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.01.2025 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на Статут (пречистен текст) на**
**ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци,**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за давање согласност на Статут (пречистен текст) на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/27** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/02), а врска со член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавни претпријатија (,,Сл.весник на РМ,, 38/96,.......35/19 и ,,Сл.весник на РСМ,, 275/19...208/24), член 82 став 1 точка 31 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница одржана на ден 28.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Статутот**

**на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта**

**,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци**

**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

**Член 1**

Се дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ) со арх.бр 02-336/7, донесен од Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци на седница одржана на ден од 23.01.2025 година .

**Член 2**

Одлуката влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-522/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.01.2025 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за промена на назив и скратен назив на**
**ГКК,, ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ,, АД Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за промена на назив и скратен назив на ГКК,, ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ,, АД Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/28** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05...75/21), а во врска со член 383 став 1 од Законот за трговските друштва (“Службен весник на РМ бр.28/04....120/18 и Службен весник на РСМ бр. 190/20...272/24) , член 41 и член 54 од Статутот на ГКК ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци, ,

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница, одржана на ден 28.01.2025 година, донесе,

**ОДЛУКА**

**за промена на назив и скратен назив на друштвото**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци во својство на единствен акционер донесе Одлука за промена на назив и скратен назив на друштвото, па со тоа се определува новиот назив на друштвото:

Името на Клубот гласи: Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци.

Скратен назив на клубот е: ГКК ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и ке се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“, а ќе се применува по донесување на Одлука на Собранието на клубот, согласно член 402 од Законот за трговските друштва и член 57 од Статутот на ГКК ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци.

**Бр.08-522/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**28.01.2025година** **Претседател,**

**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Статутарна Одлука за измена**
**на Статут на МКК ,,ЕУРО НИКЕЛ 2005,, АД Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Статутарна Одлука за измена на Статут на МКК ,,ЕУРО НИКЕЛ 2005,, АД Кавадарци , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/29** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05...75/21), а во врска со член 383 став 1 од Законот за трговските друштва (“Службен весник на РМ бр.28/04....120/18 и Службен весник на РСМ бр. 190/20...272/24) , член 41 и член 54 од Статутот на ГКК ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци, ,

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница, одржана на ден 28.01.2025 година, донесе,

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на на Статутот на Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци, во својство на единствен акционер, донесе Одлука за промена на назив и скратен назив, Одлука за промена на седиште, Одлука за промена на боја и резервна боја на клубот, врши измена на член 3, член 4, член 8, член 9, член 12 ст.3 и член 98 и истите сега гласат:

**Член 3**

Името на Клубот гласи : Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци.

Скратен назив на клубот гласи : ГКК ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци.

Седиштето на Клубот е во Кавадарци на ул.,,8-ми Септември“ бр.5/Б Кавадарци .

**Член 4**

Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци (во понатамошниот текст клубот) има својство на правно лице – Акционерско Друштво со права, обврски и одговорности што ги има врз основа на Уставот на Република Северна Македонија, Законот, Статутот на Кошаркарската Федерација на Република Северна Македонија и овој Статут.

**Член 8**

Бојата на клубот е црвено-бела. Резервната боја на клубот е црно-црвена-бела.

**Член 9**

Клубот има свој печат. Печатот на клубот е со кружен облик на кој е испишан текстот : Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци.

Клубот има свој штембил со правоаголна форма и со следниот текст: Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци, со место за испишување на бројот и датумот. Текстот на Печатот и штембилот се напишани на кирилица.

**Член 12**

Дејноста на Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци се простира на територијата на град Кавадарци.

**Член 98**

За одредбите од Одлуката за основање на ГКК ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци, кои се спротивни на овој Статут, ќе се применува овој Статут.

**Член 2**

Се овластува Извршниот директор на Друштвото да подготви пречистен текст на статутот на друштвото во кој што ќе се внесат измените извршени со оваа одлука, како и да овласти регистрационен агент за спроведување на одлуката во Централен регистар.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во ,,Службен гласник на Оптина Кавадарци".

**Бр.08-522/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**28.01.2025година** **Претседател,**

**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Статут (пречистен текст) на**
**ГКК,, ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ,, АД Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**,Статут (пречистен текст) на ГКК,, ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ,, АД Кавадарци , донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.01.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –737/30** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.01.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05...75/21), а во врска со член 287 и 288 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на РМ бр.28/04....120/18 и Службен весник на РСМ бр. 190/20...272/24), член 6 и член 6-а од Законот за Спорт (Службен весник на РМ бр.29/02.......190/16),

Советот на Општина Кавадарци на 52-та седница, одржана на ден 28.01.2025 година, донесе,

**С Т А Т У Т**
**На Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци**
**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Со овој Статут се уредуваат:

**Член 1.**

1. Фирмата и седиштето на Клубот,
2. Предмет на работење, цели и задачи на Клубот,
3. Почетен капитал на Клубот, номинална вредност на акциите, број на акции од секој род и класа и права и обврски од акциите,
4. Зголемување на почетниот капитал,
5. Намалување на почетниот капитал,
6. Права, обврски и одговорности на акционерите,
7. Трговски книги, годишна сметка, финансиски извештаи и други извештаи, утврдување на деловните резултати, распределба на добивката и формирање на резерви од страна на Клубот
8. Материјално -Финансиско работење
9. Статусни измени и решавање на меѓусебниге односи на акционерите, во случај на статусни измени,
10. Спречување на перење пари и финансирање на тероризам,
11. Органи на Кпубот и улравување со Клубот,
12. Систем на натпревари,
13. Служба за виатрешна ревизија на Клубот,
14. Деловна тајна,

15. Информирање, формата и начинот на објавувања,
16. Начин на решавање на спорови помеѓу акционерите,
17. Престанување со работа на Клубот,
18. Заштита и унапредување на човековата средина, и
19. Преодни и завршни одредби.

**I. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА КЛУБОТ**

**Член 2.**

Клубот има својство на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од Уставот, Законот за трговски друштва, Законот за работни односи, Законот за Спорт, Статутот на МКФ, овој Статут и се запишува во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 3.**

Името на Клубот гласи:Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци.

Скратен назив на клубот е ГКК ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци.

Седиште, адреса на Клубот е во Кавадарци ул.8-ми Септември бр.5/Б Кавадарци.

**Член 4.**

Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци( во понатамошниот текст клубот) има својство на правно лице - Акционерско Друштво со права, обврски и одговорности што ги има врз основа на Уставот на Република Северна Македонија, Законот, Статутот на Кошаркарската Федерација на Република Северна Македонија и овој Статут.

**Член 5**

Клубот го претставува и застапува Генералниот Менаџер, во негово отсуство претставувањето и застапувањето на клубот го врши еден од неизвршните членови на одборот на директори кој има овластување од Генералниот менаџер.

**Член 6**

Клубот има штембил и печат.

Клубот има свој амблем. Амблемот се состои од симбол на клубот под кој стои името на клубот и годината на формирањето.

**Член 7**

Клубот има свое знаме. Знамето на клубот е во правоаголна форма со размер 2:1 со амблем на клубот. Малото знаме на клубот може да биде и во друга форма и друг облик.

**Член 8**

Бојата на клубот е црвено-бела. Резервната боја на клубот е црно-црвена-бела.

**Член 9**

Клубот има свој печат. Печатот на клубот е со кружен облик на кој е испишан текстот : Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци.

Клубот има свој штембил со правоаголна форма и со следниот текст: Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци, со место за испишување на бројот и датумот. Текстот на Печатот и штембилот се напишани на кирилица.

**Член 10**

Клубот може да биде член на кошаркарската Федерација на Република Северна Македонија.

## II ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА КЛУБОТ

**Член 11.**

Предмет на работење на клубот утврден со овој статут се регистрира по класификација на дејности и тоа.

93.12 Дејност Спортски клуб

**Член 12.**

**Цели на клубот се:**

Клубот непосредно работи на :

- Постојан развој и уналредување на физичката култура и кошаркарскиот спорт, масовноста и професионализмот.
- Покренување на иницијативи и давање на предлози во Кошаркарската Федерација на Македонија за решавање на проблеми од областа на кошарката , како и изнесување на мислења, предлози и сугестии по нивните материјали.
- Оранизирање и водење на евиденицција и грижа за уредно-материјално финансиско работење.
- соработува со други друштва кои имаат исти или слични цели;
- Да ја развива и унапредува работата на клубот во согласност со одредбите на овој Статут и актите на клубот, МКФ и ФИБА ;

**Задачи на клубот се:**

- Да го планира развојот на клубот;
- Да организира првенствени, кул, пријателски и друг вид на натпревари со соодветни екипи од земјата и странство:
- Да работи на обезбедување на сопствен стручен кадар прекусоодветни едукативни центри и високообразовни институции во Република Северна Македонија, како и во рамките на МКФ и ФИБА.
- Да обезбеди активности за непречено финансирање на Клубот;
- Да врши и други активности во интерес на развој на кошарката како носечка гранка во спортот и Клубот во целина;
- Да соработува со Агенцијата за млади и спорт за решавање на определени прашања од кошаркарскиот спорт;

- Да врши и други активности од интерест на развој на кошарката утврдени со Закон и други нормативни акти на Клубот;

Дејноста на Градски Кошаркарски Клуб ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ АД Кавадарци се простира на територијата на град Кавадарци

За извршување на целите и задачите од претходниот член, Клубот формира екипи во Сениорска, Младинска, Кадетска, и учествува во системот на натпревари што го пропишуваат и организираат МКФ.

## III. ПОЧЕТЕН КАПИТАЛ НА КЛУБОТ, НОМИНАЛНА ВРЕДНОСТ НА АКЦИИТЕ,БРОЈ НА АКЦИИ ОД СЕКОЈ РОД И КЛАСА И ПРАВА И ОБВРСКИ ОД АКЦИИТЕ

**Член 13.**

На 13.12.2024 година почетниот капитал на Клубот изнесува 25.000 ЕУР составен од 250 обични акции со номинална вредност на акција во износ од 100ЕУР.

Клубот може да изврши поделба на акциите преку намалување на нивниот номинален износ или спојување на акциите преку зголемување на нивниот номинален износ под услов почетниот капитал да остане непроменет.

Поделбата и спојувањето на акциите од став 2 на овој член се врши со измена на Статутот.

**Член 14.**

Обичните акции се акции кои на единстгвениот акционер му даваат право на глас и тоа:

1. глас во Собранието на Клубот,
2. исплата на дел од добивката (дивиденда), и
3. исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Клубот.

**Член 15.**

Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Клубот.

## IV. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПОЧЕТНИОТ КАПИТАЛ

**Член 16.**

Зголемување на почетниот капитал на Клубот се врши:

- со влогови,
- со условно зголемување,
- со одобрен капитал, и
- со средства на Клубот.

Зголемувањето на почетниот капитал се врши со Одлука што ја донесува Собранието на Клубот .Одлукатасе донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието.

## V. НАМАЛУВАЊЕ НА ПОЧЕТНИОТ КАПИТАЛ

**Член 17.**

Намалување на почетниот капитал на Клубот се врши преку:

- намалување на номиналниот износ на акциите,
- спојување на акции, и
- повлекување на сопствени и на други акции.

Намалувањето на почетниот капитал се врши со Одлука што ја донесува Собранието со мнозинство не помало од 2/3 од акциите .претставени на Собранието.

## VI. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА АКЦИОНЕРИТЕ

**Член 18**

Својство на акционер на Клубот стекнува домашно и странско физичко и правно лице што стекнало акции во согласност со закон. Правата на акционерот се стекнуваат со денот на упис во акционерската книга. Акционерската книга на Клубот се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма.Со стекнување на акции, акционерот ги прифаќа Статутот и Одлуката за основање на Клубот.

**Член 19.**

Акционерите на Клубот ги имаат сите права, обврски и одговорности, утврдени со законските и подзаконските прописи и овој Статут.

**Член 20.**

Акционерите на Клубот ги имаат следните права:

- право на учество и одлучување во Собранието на Клубот ,
- право на дивиденда,
- право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата односно од стечајната маса од Клубот,
- право на информирање за состојбата на Клубот, право на заштита на правата од акционерство пред судовите и други државни органи, и
- други права утврдени со законските и подзаконските прописи и со овој Статут.

**Член 21.**

Акционерите одговараат на Клубот ако:

- го злоупотребат Клубот како правно лице за да постигнат цели што се забранети,
- го злоупотребат Клубот за да им нанесат штета на нејзините доверители,
- спротивно на закон располагаат со имотот на Клубот,
- спротивно на закон јавно ги објавуваат или презентираат податоците до кои дошле остварувајќи го правото на информирање,

- во други случаи утврдени со закон.

## VII. ТРГОВСКИ КНИГИ, ГОДИШНА СМЕТКА, ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И ДРУГИ ИЗВЕШТАИ, УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ РЕЗУЛТАТИ, РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И 'ФОРМИРАЊЕ НА РЕЗЕРВИ ОД СТРАНА НА КЛУБОТ

**Член 22.**

За своето работење Клубот води трговски книги и составува годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата во претходната деловна година во согласност со прописите за сметководство и сметководствени стандарди.

**Член 23.**

Одборот на директори ја одобрува Годишната сметка, Финансискиот извештај и Годишниот извештај за работа на Клубот за претходната деловна година, согласно постојните законски и подзаконски прописи и истите ги доставува до Собранието на Клубот .

Податоците од став 1 на овој член се јавни и истите се достапни на сите лица во согласност со постојните прописи.

**Член 24.**

Врз основа на покажаните финансиски резултати, по усвојувањето на Годишната сметка и Финансискиот извештај и утврдување на постоење на добивка, Собранието на Клубот одлучува за употребата и распоредувањето на остварената добивка за деловната година, за која се однесува Годишната сметка и Финансискиот извештај.

**Член 25.**

Добивката пред оданочувањето се утврдува кога од вкупните остварени приходи ќе се надоместат вкупните расходи од пресметковниот период. Нето добивката - добивката по оданочувањето, се утврдува кога добивката пред оданочувањето ќе се намали за износот на даноците, придонесите и другите давачки од добивката.

Нето добивката - остварена од работењето на Клубот, врз основа на извршена проверка и одобрување на Предлог-одлуката за распределба на добивката од страна на Одборот на директори, со Одлука иа Собранието на Клубот се распределува за:

- покривање на загубата од работењето од поранешните години,
- за зголемување на почетниот капитал на Клубот,
- за дивиденди
- за резерви на Клубот,

- за дел од добивката за работниците и лицата со посебни права и одговорности,
- за купување на сопствени акции, во висина утврдена со Законот, и за други намени.

**Член 26.**

За сите обврски Клубот одговара со сите средства со кои располага. Акционерите на Клубот сносат ризик од работењето на Клубот со средствата вложени во акционерскиот капитал на Клубот.

**Член 27.**

Ако приходите на Клубот по Годишната сметка не се доволни за покривање на вкупните расходи, Клубот искажува загуба во работењето. Загубите од работењето на Клубот се покриваат со добивките од идните години и од средствата на резервите, во согласност со одлука на Собранието на Клубот.

**Член 28.**

Клубот формира резерва со распределба на добивката на Клубот врз основа на одлука донесена од страна на Собранието на Клубот , а во висина која не може да биде помала од 15% од добивката се додека резервата на Клубот не достигне износ еднаков на 1/5 од почетниот капитал на Клубот. Во случај на намалување на резервата од став 1 на овој член, истата мора да се дополни на истиот начин.

**Член 29.**

Резервата на Клубот се додека не го надмине износот од став 1 на член 25 се употребува само за покривање на загубите на Клубот.

**VIII.МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

**Член 30.**

Средствата за работа на клубот и стручните служби се обезбедуваат во согласност со утврдениот финансиски план на клубот за календарската година.

Наредбодавател за извршување на финансискиот план на клубот е Одборот на Директори или негов овластен претставник.

**Член 31.**

Основни извори на финансиски средства на клубот се:

- Средства од Агенција за млади и спорт;
- Средства од спонзори;
- Средства од продадени влезници и членарини;
- Од други извори.

Клубот може да оствари приходи и од добивката на друштвото со ограничена одговорност, акционерското друштво и трговското друштво што би го основал со сопствени средства и други извори.

**Член 32.**

Покрај средствата од член 31 на овој Статут, Клубот може да обезбеди средства и од: реклами, подароци од спонзори и донаторски

прилози, организирање игри на среќа, трансфер на играчи, камати и дивиденти на пласираните средства, парични награди од МКФ, ФИБА и други меѓународни организиции.

**Член 33.**

Материјално-финансиското работење на Клубот го вршат овластени претставници на Одборот на директори, во согласност со прописите за материјално- финансиско работење на трговските друштва и општите акти на Клубот.

**Член 34.**

Клубот поседува подвижен и недвижен имот. Целокупниот имот на Клубот мора да биде евидентиран.

Одлука за стекнување на подвижен и недвижен имот, продавање, пренесување на друго правно лице или давање под наем донесува Одборот на директори.

Имотот на клубот може да се осигура во осигурително друштво.

## IX. СТАТУСНИ ИЗМЕНИ И РЕШАВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ НА АКЦИОНЕРИТЕ, ВО СЛУЧАЈ НА СТАТУСНИ ИЗМЕНИ

**Член 35.**

За статусните измени на Клубот одлука донесува Собранието на Клубот со мнозинство не помало од 2/3 од акциите со право на глас претставени на Собранието.

**Член 36.**

Иницијатива за измена или дополнување на овој Статут може да поднесе:

- Одборот на директори и
- Акционери кои поседуваат 10 % од основната главнина

Во иницијативата се образложува потребата од измени или дополнување.

Иницијативата ја разгледува Одборот и дава свое мислење, доколку тој не е подносител.

Ако Одборот ја прифати иницијативата, формира работна група за изготвување на нацрт на измените, при што дава насока за изработка.

Предпоготот за измени на овој Статут го утврдува Одборот.

Одлуката за измена и дополнување ја донесува Собранието. Кога со измените се усогласува неговата содржина со полноважно донесена одлука, Собранието може овластувањето за измена на овој Статут да го пренесе на Одборот.

## X. СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

**Член 37.**

Клубот во своето работење ќе ги преземе сите дејствија и ќе постапува огласно со прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Вршењето на работите од став 1 на овој член се организира во согласност со закон, подзаконските акти и меѓународните стандарди од оваа област.

## XI. ОРГАНИ НА КЛУБОТ И УПРАВУВАЊЕ СО КЛУБОТ

**Член 38.**

Органи на Клубот се: Собрание и Одбор на директори.

**СОБРАНИЕ**

**Член 39.**

Акционерите на Клубот своите права и интереси во Клубот ги остваруваат на Собранието на Клубот. Собранието на Клубот го сочинуваат сите акционери. Секој акционер може да овласти полномошник на Собранието, со писмено полномошно, согласно Законот за трговски друштва. Акционерите можат да овластат полномошници и/или на истите да им дадат инструкции за гласање на електронски начин. Клубот им обезбедува на акционерите користење на електронски систем преку кој ќе можат да се регистрираат, да овластуваат свои полномошници и да им даваат инструкции за гласање.

**Член 40.**

Право на учество во работата на Собранието и право на глас има секој акционер, ако со Закон не е поинаку определено.

**Член 41.**

Собранието на Клубот ги врши следните работи:

- го усвојува Статутот и измените и дополнувањата на Статутот на Клубот;

заедно со директори;

- одлучува за промена на фирмата и седиштето на Клубот;
- ја усвојува деловната политика и развојниот план на Клубот; го усвојува финансискиот план на Клубот;
- ги разгледува и усвојува годишниот извештај за работење на Клубот
  писменото мислење по истиот изготвено од страна на Одборот на
- го разгледува годишниот извештај за работа на Службата за внатрешна ревизија заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на Одборот на директори;
- го разгледува и усвојува извештајот на друштвото за ревизија и
  писменото мислење по истиот изготвено од страна на Одбор на директори;
- ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на Клубот;
- одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка, или
  за покривање на загубите;
- одлучува за нова емисија на акции на Клубот;
- одлучува за статусни промени и за престанок на работење на Клубот;
- ги именува и разрешува членовите на Одбор на директори;
- избира друштво за ревизија;

- одлучува за стекнување на сопствени акции;
- одлучува за зголемување и намалување на почетниот капитал; и
- одлучува и за други прашања од значење за работењето на Клубот.

**Член 42.**

Собранието на Клубот работи на седници, кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Годишното собрание, со предлог на дневен ред и одлуките во врска со точките од дневниот ред, го свикува Одбор на директори, по составување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Клубот во претходната деловна година, во рок од шест месеци од календарската година за претходната година.

Собранието на Клубот помеѓу две годишни собранија можат да свикаат Одбор на директори по сопствена иницијатива или по барање на акционери.

Вклучување на нови точки во дневниот ред се врши по постапка утврдена со Законот за трговски друштва.

Барање за свикување на седница на Собрание можат да поднесат акционерите кои имаат најмалку 1/10 од акциите со право на глас. Во барањето се наведуваат целта и причините за свикување на Собранието, прашањата за кои ќе се одлучува и податоците за акционерите. Акционерите кон барањето доставуваат и извод од сметките на хартии од вредност издаден од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите со право на глас. Одбор на директори е должен по барањето на акционерите да се произнесе во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето, односно донесува одлука со која го прифаќа односно одбива барањето, наведувајќи ги и причините поради што е така одлучено.

Ако по барање на акционерите кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас Одбор на директори не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесување на барањето, акционерите ги остваруваат своите права согласно Законот за трговски друштва.

**Член 43.**

Собранието се свикува со праќање на покана до акционерите на начин кој овозможува потврда дека поканата е примена од акционерот или со објавување на повик до акционерите кој се објавува најмалку во еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија и на насловната страница на интернет страницата на Клубот. Начинот на свикување на Собрание се определува со Одлуката за свикување на Собранието.

Поканата, односно повикот за учество на Собранието на Клубот содржи:

- фирма и седиште на Клубот,
- место, датум и час на одржување на Собранието,
- опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат наСобранието,
- други процедурални формалности од значење за присуство на Собранието и за начинот на гласање,

- дневен ред по кој ќе се работи на Собранието,
- начин на којшто се достапни материјалите по точките од дневниот ред,
- можност за именување на полномошник на акционерот и начинот на неговото именување,
- адресата на интернет страницата на Клубот на која ќе бидат достапни информациите во врска со вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објава на повикот, документи и материјали кои ќе се разгледуваат на Собранието, предложените одлуки за донесување, предложените одлуки од акционерите, обрасците за гласање, и
- други информации во зависност од ставените точки на дневниот ред.

Рокот кој тече од денот на испраќање на поканата, односно објавување на повикот за учество на Собранието до денот на одржување, не може да биде покус од 21 ден ниту подолг од 50 дена.

**Член 44.**

Материјалите за седницата на Собранието на Клубот им се ставаат на акционерите на располагање од денот иа испраќање на поканата, односно објавување на јавниот повик, во определена просторија на Клубот и на интернет страницата на Клубот.

**Член 45.**

Со седницата на Собранието на Клубот претседава Претседавач. Претседавачот со Собранието се избира за секое одделно собрание. За Претседавач може да биде избран секој акционер или лице кое го застапува акционерот.

За Претседавач со Собранието не може да биде избран член на орган на управување на Клубот.

Мандатот на Претседавачот со Собранието трае до изборот на новиот Претседавач со Собранието.

Во случај избраниот Претседавач да не може да присуствува на наредното Собрание на кое се избира нов Претседавач, Собранието го отвара назначениот полномошник од страна на акционерот кој бил Претседавач со Собранието, а ако тоа не го направи, тогаш Собранието на Клубот до изборот на новиот Претседавач го отвора и води Претседателот на Одборот на директори.

**Член 46.**

Дневниот ред на Собранието на Клубот го предлага органот кој го свикува Собранието. Секој акционер има право да поднесува иницијатива за вклучување на точки на дневен ред на Собрание кое ќе се свика, под услови и на начин утврдени со закои и овој Статут.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 10% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат или со електронски средства:

- да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на

дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка,

- да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред. Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието што е свикано, се испраќа до органот што го свикал Собранието на Клубот, и тоа во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за учество на Собранието.

**Член 47.**

Покрај учеството во работата на Собранието со лично присуство или преку полномошник, согласно Законот за трговските друштва, Клубот ќе им овозможи на акционерите да гласаат на Собранието и на еден од следните начини:

- преку електронски средства за гласање пред одржување на седницата на Собранието и без потреба од овластување полиомошник кој физички би присуствувал на седницата, и
- со кореспонденција пред одржување на седницата на Собранието.

**Член 48.**

Клубот воспоставува систем за електронска регистрација и евиденција на акционерите заради нивна идентификација и зачувување на безбедноста на електронската врска и на својата интернет страница објавува опис на постапката, потребната документација за идентификација на акционерите и место на подигнување на документи за електронска регистрација и евиденција.

Акционерите кои ќе подигнат документација за електронска регистрација за електронско гласање на Собранието можат да гласаат со испраќање на пополнет образец за гласање по електронски пат кој ќе биде достапен на интернет страницата на Клубот.

Во повикот за учество на Собранието се објавува точниот датум и час на започнување и на завршување на гласањето по електронски пат, при што гласањето nо електронски пат мора да отпочне најмалку 8 дена пред одржување на седницата, а завршува најдоцна 24 часа пред одржување на седницата на Собранието.

Акционерот кој гласал електронски може лично да присуствува на седницата на Собранието, но доколку акционерот сака лично да гласа на самата седница мора писмено да го отповика електронското гласање најдоцна 48 часа пред одржувањето на седницата. Доколку акционерот не достави писмено известување дека го отповикува електронското гласање, кое мора да биде примено во Клубот најдоцна 48 часа пред одржување на Седницата, во предвид ќе се земе електронското гласање.

**Член 49.**

Акционерите можат да гласаат со кореспонденција со испраќање напополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Клубот

најдоцна еден работен ден пред денот на одржување на седницата на Собранието. Клубот на својата интернет страница ги објавува обрасците за гласање со кореспонденција, опис на постапката, потребната документација за идентификација на акционерите и датумот до кој мора да биде примен образецот за гласање со кореспонденција.

Акционерот кој гласал со кореспонденција може лично да присуствува на седницата на Собранието, но доколку акционерот сака лично да гласа на самата седница мора писмено да го отповика гласањето со кореспонденција најдоцна 48 часа пред одржувањето на седницата.

Доколку акционерот не достави писмено известување дека го отповикува гласањето со кореспонденција, кое мора да биде примено во Клубот најдоцна 48 часа пред одржување на Седницата, во предвид ќе се земе гласањето со кореспонденција.

**Член 50.**

Собранието на Клубот може да одлучува само за прашања што се уредно ставени на дневен ред на седницата и материјалите по дневниот ред. Собранието може да расправа без право на одлучување и за лрашања кои не се ставени на дневен ред на Собранието.

**Член 51.**

Секој акционер своето учество на Собранието го пријавува најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Пред почетокот на седницата на Собранието, на акционерите на увид им се достапни следните списоци: Списокот на акционери кои гласале со електронски средства.

- Списокот на акционери кои гласале со кореспонденција, и
- Списокот на пријавени и присутни акционери, лично или преку полномошник

Списоците од претходниот став се споредуваат со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност четириесет и осум часа пред одржување на седницата на Собранието. Списокот на пријавени и присутни акционери пред одржување на Собранието го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го потврдува - верификува своето присуство на Собранието.

Списоците од став 2 на овој член, со свој потпис, ги заверуваат Претседавачот со Собранието и записничарот. По заверката на списоците Претседавачот со Собранието го констатира кворумот за работа. Кворумот за работа го сочинуваат акциите со право на глас на акционерите кои се присутни на седницата на Собранието (лично или преку полномошник), како и акционерите кои гласале со електронски средства и/или со кореспонденција.

Заверените списоци им се даваат на увид на сите учесници на Собранието пред првото гласање.

**Член 52.**

Собранието на Клубот може да работи ако во работата на седницата учествуваат и се претставени најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, при што се смета дека во работата на Собранието учествуваат и се претставени акционерите кои се

присутни на седницата на Собранието (лично или преку полномошник), како и акционерите кои гласале со електронски средства и/или со кореспонденција.

Доколку на закажаната седница на Собранието на Клубот не се обезбеди кворум за работа од став 1 од овој член, на ист начин како што е и закажано неодржаното Собрание се презакажува ново Собрание на Клубот со термин за одржување не подолг од 15 дена, од денот на неодржаното Собрание.

На презакажаното Собрание се одлучува за прашањата утврдени во дневниот ред без оглед на присутните акционери и бројот на акциите кои што ги имаат.

**Член 53.**

Одлуките на Собранието на Клубот се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас кои учествуваат во работата, односно се претставени на Собранието, освен ако со закон и овој Статут не е предвидено друго мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со кое се донесуваат одлуките на Собранието на Клубот.

**Член 54.**

Собранието на Клубот со не помалку од 2/3 од акциите со право на глас кои учествуваат во работата, односно се претставени на Собранието одлучува за:

- Измена на Статутот на Клубот,
- Зголемување и намалување иа почетниот капитал,
- Промена на фирмата и седиштето на Клубот,
- Статусните измени, и
- Други случаи утврдени со закон.

**Член 55.**

Гласањето на Собранието на Клубот по сите прашања ставени иа дневен ред, вклучувајќи ги и именувањето и разрешувањето на членовите на Одборот на директори е јавно.

По барање на еден или повеќе акционери кои имаат најмалку 1/10 од вкупниот број на акции со право на глас се пристапува кон тајно гласање на начин согласно закон. За броење на гласовите, Собранието избира најмалку два бројачи на гласови.

**Член 56.**

Кога на Собранието на Клубот се одлучува за прашања со кои се менува или ограничува кое било право врзано за некој род на акции и за случаите утврдени со закон, одлуката се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат соодветниот род на акции дадат согласност со донесување на одлука.

Одлуката од став 1 на овој член, во зависност од точките на дневен ред наСобранието, по оценка на органот што го свикува Собранието, може да се донесе на истото Собрание со одвоено гласање на овие акционери, или пак на посебно собрание. Одлуката се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието.

Одвоеното гласање на акциите од став 2 на овој член може да се изврши и писмено со давање на согласност на Одлуката од став 1 на овој член. Согласноста е дадена со потпишување на претходно доставената Предлог- одлука, при што на Предлог-одлуката акционерот го запишува и матичниот број иаакционерот - физичко лице, односно печат и потпис од законскиот застапник наакционерот - правно лице.

Гласањето слроведено од став 3 на овој члеи ќе се смета како одвоено гласање и истото ќе се евидентира во записникот од Собранието на Клубот.

**Член 57.**

Одлуките донесени на Собранието на Кпубот по правило влегуваат во сила веднаш со денот на донесувањето, освен кога во зависност од природата на одлуката што се донесува на Собранието, со истата не се утврди друг датум на влегување во сила на таа одлука.

**Член 58.**

За работата на Собранието се води записник, кој го потпишува записничарот и Претседавачот со Собранието, а го заверуваат заверувачи на записникот, избрани од страна на Собранието.

Ако Собранието одлучува за прашања што се запишуваат во Трговскиот регистар записникот го води нотар и истиот го потпишуваат нотарот и Претседавачот со Собранието.

Во рок од 15 дена од одржување на Собранието, Клубот на својата интернет- страница ги објавува резултатите од гласањето согласно Законот за трговските друштва.

**Член 59.**

Начинот на работењето и гласањето на Собранието како и други прашањаод значење за работење на Собранието се уредуваат со Деловник. Собранието на Клубот за уредување на одделни прашања може да донесе и други акти.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ (“Одбор”)**

**Член 60.**

Собранието ги бира членовите на Одборот на директори со јавно гласање. Собранието може, на седницата на која се избираат нови членови на Одборот, да одлучи изборот да се врши со кумулативно гласање.

Одборот се состои од 4 (четири) члена, од кои 3 (три) неизвршни и 1 (еден) извршен член.

**Член 61.**

Мандатот на членовите на Одборот трае 4 години. За членови на Одборот можат да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни.

**Член 62.**

Одборот управува со Клубот. Одборот, во рамките на надлежностите утврдени со овој Статут, законот и овластувањата кои изрично му се дадени од

Собранието, има најшироки овластувања за дејствување во сите околности во името на Клубот.

Одборот работи и одлучува на начин утврден со овој Статут.

Во остварувањето на своите овластувања Одборот:

- ја предлага деловната политика на Клубот;
- ги подготвува предлозите на одлуките на Собранието;
- ги спроведува одлуките и другите акти на Собранието;
- ги донесува актите на Клубот, освен оние кои се во надлежност на Собранието;
- ги именува и разрешува членовите на комисиите кои ги формира ;
- управува, раководи и дава насоки за работењето на Клубот;
- врши надзор над работењето на Клубот;
- се грижи за интересите на Клубот и за легалитетот во нејзиното работење, за остварување на нејзините функции и цели, како и за финансиското работење и стабилност на Клубот;
- ги толкува актите кои ги донесува и донесува соодветни одлуки;
- донесува одлуки во согласност со овластувањата кои произлегуваат

од актите на Клубот;

- го донесува Деловникот за работа на Одборот; и
- врши и други работи утврдени со овој Статут, законот и општите акти

на Клубот.

- избира и отповикува свои претставници во други спортски организации во општината, градот и Републиката и Кошаркарската Федерација на Македонија;
- донесува одлуки за формирање на работни тела, како и составот и делокругот на нивната работа;
- расправа по жалби и одлуки на определени работни тела;
- одлучува за прием и отпуштање (давање исписница) на активни спортисти;
- склучува договори со врвни спортисти и тренери, во кои се утврдуваат меѓусебните права и обврски во врска со тренажниот процес и натпревари, како и определување надоместоци во согпасност со Законот, овој Статут и други акти на Клубот;
- се грижи за успешно организирање на натпреварите на своите екипи;
- се грижи за непречено функционирање на спортскиот објект каде се одвива тренажниот процес и натпреварите на своите екипи;
- донесува Одлуки за именување и разрешување на лица во согласност со Правилникот за организација и систематизација на работни места, Правилниците за лиценцирање на клубовите во прва лига во организацијата МКФ И ФИБА , а се значајни за неопходно функционирање на клубот( Генерален

секретар, директор, спортски директор, финансов директор, потпарол на Клубот, Директор за маркетинг, технички директор, тмс менаџер, педагок, психолог, социолог, шеф на стручен штаб, тренери и помошници на тренери на сите категории, шеф на оддел за развој на младински фудбал, медицински персонал, лица вработени во стручната служба-Секретаријатот, комесар за безбедност, лица за врска со навивачите, редарска служба);

- ги верифицира актите на работните тела и комисиите;

Одборот на директори може да врши и други работи доверени од Собранието.

**Член 63.**

Членовите на Одборот се должни да го пријават секој постоен или потенцијален судир на интереси со прашања од делокруг на работењето на Одборот. Членот на Одборот, во случај на постоење на судир на интереси, не може да учествува во работата на Одборот по тоа прашање и да гласа при донесувањето на одлуката

**Член 64.**

Основни обврски на членовите на Одборот се:

-чесно и лојално да работат во интерес на Клубот;

-да ја почитуваат доверливоста на искажаните мислења, ставови и на Одборот;

-да не користат доверливи информации во своја и туѓа полза; и

-да го одржуваат на високо ниво интегритетот на Клубот во јавноста документи

**Член 65.**

Од редот на неизвршните членови, Одборот избира претседател на Одборот на директори, во понатамошниот текст Претседател на Клубот.

Претседателот на Клубот се грижи за работата на Одборот, ги свикува седниците на Одборот и раководи со нив. По правило седниците се свикуваат со писмено известување испратено до секој член на Одборот, најдоцна пет дена пред одржувањето на седницата.

Претседателот на Клубот ги свикува седниците на Одборот кога смета дека е тоа потребно или кога тоа писмено го бара извршниот или два неизвршни членови на Одборот.

Во случај на спреченост,ако претседателот е спречен, со седницата раководи другиот неизвршен член на Одборот.

**Член 66.**

Одборот работи на седници. Одборот одржува состанок кога тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

Одборот може да работи и полноважно да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови. Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Заклучоци и одлуки Одборот може да донесува писмено и без одржување на седница. Во таков случај сите членовите на Одборот треба да дадат согласност за одлуката која се донесува без одржување на седница, согласно Деловникот за работа на Одборот на директори на Клубот.Гласот на Претседателот на Клубот е одлучувачки во случај на поделба на гласовите. Одлуките на Одборот влегуваат во сила од денот на нивното донесување, освен ако со закон не е определено поинаку.

**Член 67.**

Неизвршните членови, покрај овластувањата што со овој закон им сеопределени во вршењето на правото на надзор над работењето на извршниот член, имаат право да вршат увид и да ги проверу-ваат книгите и документите на Клубот, како и имотот.

Неизвршните членови за вршење одделни стручни работи од надзорот можат да задолжат кое било вработено лице во Клубот или друго стручно лице.

**Член 68.**

Членот на Одборот, е должен овластувањата што му се дадени со закон и со овој Статут да ги врши во интерес на Клубот и во интерес на акционерите со внимание на уреден и совесен трговец.

Членовите на Одборот се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што на кој било начин се однесуваат на работењето на Клубот, а кои ги добиле како доверливи.

Во текот на извршувањето на своите должности, членовите на Одборот можат да се потпираат на информации, на мислења или на извештаи подготвени од независни правни советници, независни овластени сметководители и овластени ревизори и други лица, за кои се верува дека се доверливиикомпетентни за работите што ги вршат, при што не се смета дека со тоасеослободени од својата обврска да постапуваат со внимание на уреден и совесен трговец.

**Член 69.**

За работата на Одборот се води записник. Записникот мора да ги содржи имињата на присутните членови, предметите закои се расправало иза донесените заклучоци и одлуки со назначување насоодносот на гласовите.

Секој член на Одборот кој гласал против заклучокот или одлуката, може да бара причините за неговото мислење и став накусо да се внесат во записникот

Записникот го потпишуваат сите присутни членовина Одборот, а ако некој не го потпише записникот се забележува причинатаза тоа, ако била наведена.

Загшсникот по потпишувањето заедно со писмено изготвеиите одлуки, аклучоци и други акти, се доставуваат до лицата задолжени за извршување, а ден примерок се доставува и чува во архивата иа Клубот.

**Член 70.**

Собранието може да ги отповика сите членови на Одборот и пред истекот на времето за коешто биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас претставени на Собранието.

**Член 71.**

Собранието со одлука ги определува видот и висината на надоместокот на неизвршните членови на Одборот. Неизвршните членови на Одборот имаат право и на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

Извршните членови на Одборот имаат право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, на надоместок на патни и на други трошоци и други права.

**Член 72.**

Одборот може да формира една или повеќе комисии. Одборот ги формира постојаните работни тела и комисии и тоа:

- натпреварувачка комисија,
- стручна комисија,
- комисија за материјално и финансиско работење
- дисциплинска комисија,
- комисија за информирање,пропаганда имаркетинг.

Покрај овие постојани комисии, Одборот на директори за извршување на определени работи може да формира и повремени работни тела.

Комисиите не можат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на Одборот, ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски.

**ИЗВРШЕН ЧЛЕН НА ОДБОРОТ**

**Член 73.**

За извршен член на Одборот може да бидат именувано само физичко лице кое е деловно способно.

За извршен член на одборот на директори - извршен директор се именува Генерален Менаџер кој го застапува друштвото во внатрешниот и надворешниот промет со трети лица, и да склучува договори со поединечна вредност до 50.000 евра.

За превземање на обврски во име на друштвото или за склучување на договори со вредност поголема од 50.000 евра, за купопродажба, закуп , залог , заем , кредит без оглед на вредноста, налог, посредување, агенција, порамнување, вонсудски спогодби или за издавање на

полномошно за судско или трговско застапување , потребна е одлука од Одборот на Директори.

Правата и обврските на извршниот член на Одборот коишто не спаѓаат во делокругот на надлежностите утврдени со овој Статут, покрај правата иобврските со закон, се утврдуваат со договорот за уредување на меѓусебните односи склучен помеѓу извршниот член на Одборот и Клубот.

**Член 74.**

Неизвршните членови на Одборот со одлука на претседателот го именуваат и разрешуваат извршниот член на Одборот.

- Извршниот директор ги има следниве надлежности: раководи и ја организира работата на Клубот;
- го застапува и потпишува Клубот и ја претставува пред трети лица;
- ги предлага основите на деловната политика на Клубот и организацијата на Клубот;
- ги извршува одлуките на Собранието и на Одборот на Клубот, односно се грижи за нивно спроведување;
- ги раководи и организира правните и административните работи и финансиското работење на друштвото;
- предлага на Одборот именување и разрешување на лица со посебни овластувања и одговорности во Клубот;
- одлучува за прераспоредување на работниците во зависност од потребите иа работата;
- предлага на Одборот начии за ангажирање на надворешни работници и други надворешни извршители во зависност од потребата на Клубот;
- одлучува за набавки и пласмани согласно одлука на Одборот;
- по функција, присуствува на седниците на органите на Клубот, а nо потреба изготвува и извештаи;
- врши и други работи во согласност со овој Статут и останати акти на клубот.

Извршниот директор или од него овластено лице истапува во јавноста во име на Клубот и дава изјави онаму каде што тоа е погодно.

**Член 75.**

Извршен член на Одборот може да биде отповикан од страна на Одборот во кое било време, со соодветно образложение. На отповиканиот извршен член му мирува својството на член во Одборот до наредното Собрание на коешто ќе се одлучи дали ќе биде отповикан пред истекот на мандатот за којшто е избран.

Извршен член на Одборот кој е отповикан има право да бара надоместдоколку е така определено со договорот за уредување на односите меѓу Клубот и извршниот член.

**Член 76.**

